# Модели и моделирање – дидактички пристап

Боце Митревски

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија*

**Апстракт.** Зборот модел како концепт и конструкт е вообичаен термин во речникот на физичарите, научниците, истражувачите. Моделите и моделирањето овозможуваат поедноставена репрезентација на природните појави, нивно опишување, објаснување и предвидување. Затоа, моделите и моделирањето, нивното сфаќање, улога и примена се важни во наставата по физика. Во трудот е нагласена предиктивната улога на моделите. Резултатите од неколку експериментални истражувања даваат увид во концептуализацијата на поимите модел и моделирање кај наставниците по физика во Република Македонија.

**Клучни зборови:** модел, моделирање, наставници.